# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА ЧАШКА

| Службен гласник<br>на општина Чашка<br>Излегува по потреба | Број 12<br>година XVI<br>30.11.2012 година | БЕСПЛАТЕН<br>ПРИМЕРОК |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за лоакална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување одлука за измена на распоредот на средства во буџетот на Општина Чашка за 2012 година**

Се објавува одлука за измена на распоредот на средства во буџетот на Општина Чашка за 2012 година, што Советот на Општина ја донесе на седницата на 27.11.2012 година.

Бр.08- 1700/4
27.11.2012 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 година ) а во врска со член 34 од законот за буџети (Службен весник на РМ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/2011 година), Советот на Општина Чашка на седницата одржана на 27.11.2012 година, донесе:

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) а во врска со член 34 од Законот за буџети(Сл. весник на РМ бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/2011 година), Советот на Општина Чашка на седницата одржана на 27.11.2012 година , донесе

# О Д Л У К А
## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Чашка за 2012 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Чашка за 2012 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -880.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 160.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | -300.000 | 0 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чашка и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012година.

**Претседател на Советот на Општина**
**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Рамадан Амзов**

**Бр._______ Чашка**

Бр.07- 1700/3
27.11.2012 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за лоакална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка донесе :

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на одлука за извршување усогласување на намената на земјиштето на КП 6064 КО Богомила**

Се објавува одлука за извршување усогласување на намената на земјиштето на КП 6064 Ко Богомила, што Советот на Општина Чашка ја донесе на седницата на 27.11.2012 година.

Бр.08- 1700/6
27.11.2012 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување во бесправни објекти во урбанистичко планска докумантација ( Службен весник на РМ бр. 56/11), Советот на Општина Чашка на сеницата одржана на ден 27.11.2012 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**За извршување усогласување на намената на земјиштето на КП 6064 КО Богомила**

**Член 1**
Советот на Општина Чашка утврдува потреба за донесување на урбанистички план за село Богомила со кој ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето на КП 6064 КО Богомила кои во постојниот Општ акт за село Богомила ( одлука на Советот на Општина Чашка бр.0701-70/12 од 22.01.2008) се означени како Г2- Лесна и незагадувачка индустрија.

**Член 2**
Новата намена да биде усогласена со постојаната класа на намени А- домување.

**Член 3**
Одлуката се носи во согласност со член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ( Службен весник на РМ бр.56/11).

**Член 4**
Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „ Службениот гласник на Општина Чашка„.

Бр.07- 1700/5
27.11.2012 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Содржина

1. Заклучок за објавување одлука за измена на распоредот на средства во буџетот на Општина Чашка за 2012 година

2. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Чашка за 2012 година.

3. Заклучок за објавување на одлука за извршување усогласување на намената на земјиштето на КП 6064 КО Богомила

4. Одлука за извршување усогласување на намената на земјиштето на КП 6064 КО Богомила

**Издавач: Општина Чашка**
**ул..Илинденска бр.8 нас.Чашка**

**Уредник/Бојанка Мирова**
**Изготвил/Катица Јовановска**
**Техничка обработка/Димче Ангелов**